СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

Програма 2025-2029

# ОПШТИНА ТЕАРЦЕ

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СОВЕТНИЧКА ЛИСТА

5

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Теарце

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Теарце

Листата на советници ја сочинуваат истакнати лица коишто им се добро познати на жителите на Општина Теарце. Станува збор за неуморни активисти, кои со страст, амбиција, пожртвуваност работаат за остварување на целите, визијата и мисијата на Социјалдемократскиот сојуз во нашата општина. Советничката листа ја сочинуваат лица што го носеа товарот на Општинската организација во најтешкиот период и се бореа за подобар живот на сите жители во Општина Теарце. Кандидатите на оваа советничка листа се гарант за исполнување на планот и целите воспоставени во програмата за идните четири години. Со својата посветеност, трудољубивост, неуморност и ентузијазам ќе работаат како и досега во изминатите четири години за подобра општина и за остварување на секоја точка од програмата што се презентираа во оваа изборна кампања.

1. Јован Николовски, р. 1996 година, дипломиран менаџер по царина и шпедиција, СДСМ
2. Зоран Јаковски, р. 1977, ССС - електротехничар, СДСМ
3. Дора Сибиноска, р. 2000 - дипломиран инженер, СДСМ
4. Мирослав Митовски, р. 1988, ССС - економски техничар, СДСМ
5. Наташа Крстеска, р. 1982, ССС, СДСМ
6. Зекирија Јамини, р.1961, ССС - гимназиско образование, СДСМ
7. Христина Ѓорѓевска, р. 1995, дипломиран економист, СДСМ
8. Ружица Божиновска, р. 1978, ССС, СДСМ
9. Мартин Ацовски, р. 1996, машински инженер, СДСМ
10. Илчо Тофиловски,р. 1991, ССС економски техничар, СДСМ
11. Дијана Максимовска, р. 2006, ССС, СДСМ
12. Никола Петрушевски, р. 1999, ССС медицина, СДСМ
13. Светислав Петровски, р. 1969, ССС, СДСМ
14. Валентина Јошевска, р. 1981, ССС медицинска сестра, СДСМ
15. Дени Исајлоски, р. 1975, ССС, СДСМ

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**
- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

Листа на реализирани проекти во изминатиот мандат од страна на СДСМ:

- Спортска сала во ОУ „Фаик Коница" во с. Доброште
- Изградба на сала за ОУ „Екрем Ќабеј" во с. Слатино
- Започната реконструкција на водоводна мрежа во Теарце - 12,2 км
- Изградба на локален пат од с. Доброште до с. Нераште
- Регионален пат Непроштено - Пршовце
- Заштита од штетно дејство на водите
- Издвоени средства за комунална инфраструктура
- Нов пат во с. Доброште
- Изградба на тротоари на регионален пат Тетово - Јажинце
- Реконструкција на локален пат с. Јажинце, спој со регионален пат Тетово - Јажинце
- Поддршка на млади земјоделци
- Бехатон-плочки во секое населено место
- Обезбедени средства за улицата во Шеќер Маало во с. Теарце
- Изградба на ново мултифункционално игралиште во с. Лешок

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Теарце

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Главни политики на советничката група**

Мисијата на советничката група е: Функционирање на општината по мерка на граѓаните и обезбедување услови за поквалитетен живот.

Визија: Напредна општина со развиени капацитети за обезбедување поквалитетен живот, со развиен одржлив туризам и здрава животна средина.

- **Политики за целни групи**
- **Грижа за најмалите**
- **Парк за деца до 10-годишна возраст**

Најмалите граѓани на општината, децата сѐ помалку имаат места каде што можат да играат и да се забавуваат. Во неколку делови на општината има паркови за деца, но тие се запуштени и уништени без никој да се грижи за нив. Ќе се уредат централните површини во секое село каде што ќе се поставаат реквизити за најмалите деца. Ќе се поставаат нишалки, клацкалки, лизгалки, придружни клупи и слично. На местата каде што претходно имало тие ќе се реновираат и ќе бидат ставени во функција.

- **Финансирање на пензионерски клуб**

Отворањето пензионерски клуб ќе гарантира интеграција на пензионерите. Ќе им се овозможи дружба, играње карти и сл. Таму пензионерите ќе можат да се стекнат со различни вештини, способности и квалификации.

- **Младинско културно лето**

Културата е двигател на општеството и порта што отвора нови светови. Со организирање на годишно културно лето младите како и сите жители на Општина Теарце ќе имаат можности да ги прикажат своите таленти во област на музиката, филмот, драмата, фолклорот, уметноста и слично. Организација на манифестација како младинско културно лето е токму тоа што е потребно за ширење на општествената култура во фолклорна општина со богата историја и традиција како Општина Теарце.

- **Спроведување еколошки акции**

Како општина сместена во срцето на планините што трпат сè поголеми повреди како резултат на климатските промени, потребата од спроведување еколошки акции е неминовна. Засадување нови дрвца, давање помош и обновување на веќе засадената шума ќе биде главен приоритет на еколошките акции што ќе се спроведуваат најмалку еднаш во месецот. Чистењето на околината и подигнување на свеста за хигиената во општината ќе претставува приоритет на оваа еколошка акција.

- **Волонтирање во Општина Теарце**

Чест услов при аплицирање за работно место било во приватниот било во јавниот сектор е имањето работно искуство. Со волонтирањето на младите во Општина Теарце ќе се помогне тие да го стекнат работното искуство што е потребно со цел да можат да го започнат својот работен век. Волонтирањето на млади во Општината Теарце ќе помогне младите веднаш по завршувањето на средното или високото образование да се интегрираат во работите на општината и подлабоко да се запознаат со работењето во јавниот сектор. Стекнатите знаења и искуство од волонтирањето ќе им помогне за полесно снаоѓање и интегрирање во општеството. Еден начин за волонтирање може да биде и негата на стари и изнемоштени лица, преку акции од Црвен крст и други хуманитарни организации. Има многу стари и изнемоштени лица што живеат во овој крај, но немаат помош од никој. Ова ќе им овозможи неколку дена во неделата волонтери од Црвен крст да доаѓаат во нивните домови и да им помагаат. А со тоа волонтерите ќе стекнат и некои нови вештини.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ И КОАЛИЦИЈАТА